СЕМИНАРСКА РАБОТА ПО ПРЕДМЕТОТ:

**ИНТЕРНА И ЕКСТЕРНА РЕВИЗИЈА**

ТЕМА:

**ЕКСТЕРНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ**

www.MaturskiRadovi.NET

## 12. Интерна ревизија на финансиското работење

Од особена важност за контролата на финансиското работење во компаниите е да постои добра организациска поставеност, соодветна документација и адекватен начин на проверка на документацијата. Мотивот за оваа контрола, главно, доаѓа од почитувањето на законитоста во работењето и деловниот морал при располагањето со средствата и остварувањето, односно распределбата на добивката и ефикасноста на работењето.

Ревизијата на финансиското работење, којашто во компаниите ја врши интерната ревизија, треба да ги опфаќа следниве испитувања:

- ревизија на касовното работење;
- ревизија на работењето со финансиските средства преку сметките во деловните банки;
- ревизија на работењето со девизните средства;
- ревизија на работењето со хартии до вредност (меници, чекови, акции, обврзници и сл.);
- ревизија на побарувањата од купувачите и другите побарувања од деловните односи и др.

## 12.1 *Ревизија на касовното работење*

Основна задача  на оваа интерна ревизија е да ја провери правилноста при раководењето во паричните средства и другите вредности што минуваат низ касата.Потребно е да се подвлече дека касовното работење во компаниите денес го нема она значење што го имало во минатото, кога најголем дел од платниот промет се вршел преку касата.Таквите плаќања денес се вршат преку сметките на комапниите што се водата во некоја деловна банка. Односно, платениот промет повеќе е безготовински, отколку готовински. Готовинскиот платен промет е ограничен со законски пропуси, па така со Законот за трговски друштва, компаниите, односно друштвата во Република Македонија можат да држат готовински парични средства најмногу во висина до благајничкиот максимум, што тие го утврдуваат со свои нормативни акти, а готовинските плаќања да ги вршат најмногу во висина до 125 евра во денарска противвредност во една готовинска трансакција. Карактерот ка касовното работење е таков што дава можност да се прават различни злоупотреби, проневери и затајувања. Ткому затоа, отсекогаш, па и денес особено внимание и де посветува на ревизијата на касовното работење во компаниите.
Интерната ревизија на касовното работење треба да бвиде насочена, пред се, кон испитување на функционирањето на контролниот систем во деловниот субјект (т.е дали има посебно задолжено лице за работењето со паричните средства – касиер; дали документацијата со којашто се примаат и подигаат паричните средства од касата е точна од патеријална, формална и суштинска страна; дали има овластени лица кои се должни да ги потпишуваат документите со коишто се внесуваат и подигаат паричните средства од касата; дали се врши повремен попис во касата; кој има пристап до касата и сл.). За оваа цел интерната ревизија врши повремен ненајавен попис на касата и ја проверува исправноста на документацијата. Од добиените резултатите од ова испитување, таа составува писмен извештај кој го доставува до менаџментот на компанијата.

### 12.2 *Ревизијата на работењето со финасиските средства преку сметките во деловните банки*

За разлика од минатиот период кога деловните субјекти беа задолжени на една жиросметка да ги чуваат своите парични средства и да ги вршат плаќањата преку поранешниот Завод за платен промет почнувајќи од 01.01.2002 година, согласно одредбите од Законот за платен промет и неговото дополнување деловните субјекти своите сметки (денарски и девизни) ви отвораат во една или повеќе деловни банки и од нив ги вршат сите безготовински плаќања, односно подигањето парични и девизни средства за готовинските исплати. На тие сметки се слева и готовинската и безготовинската наплата на денарските и девизните средства.
Според овој закон, може да се констатира дека еден деловен субјект може да има една или повеќе денарски и девизни сметки, кај една или повеќе деловни банки. Факт е дека преку сметките на деловните субјекти во банките настануваат енормни приливи и одливи на парични денарски и девизни средства. Токму поради ова, ревизијата на денарските и девизните средства на компаниите, што се водат на сметките кај деловните банки, ќе биде обемна и ќе треба да биде насочена кон испитување на следниве аспекти од работењетона комапнијата:

- придржувањето на деловните субјекти кон одредбите на законските прописи од областа на финансиите, односно од областа на платениот промет;
- навремено внесување на сметката на сите готовински примања на парични средства;
- компензирањето меѓу побарувањата и обврските и тоа особено кога исти субјекти се јавуваат како купувачи и добавувачи;
- Покритието за издадените налози од банката да изврши определени плаќања;
- наменското трошење на средствата од сметката за стопански цели, исплата на обврските спрема добавувачите, државата и другите субјекти или, пак, утврдување на тоа дали имало случаи за набавка на средства што немаат деловен карактер;
- овде ревизијата треба да се провери и дали исплатата на добавувачите е извршена врз основа на добиени фактури, од оние добавувачи што се ликвидирани, како што, впрочем, е предвидено во организацијата на финансиската оператива во деловните субјекти.

Доколку интерната ревизија, преку испитувањето, дојде до сознание дека се направени некои неправилности во врска со работењето што се врши преку сметката, таа треба да направи записник, кој во прилог треба да има и извештај од лицето кое извршило интерна ревизија за таквата ревизија на работењето преку сметката. Во извештајот треба посебно да се истакне дали подигнатите парични средства од сметката (како обртни средства) наменски се поторшени, односно дали тие се употребени за исплатите за коишто постои исправна документација и правилно формирани и од овластено лице ликвидирани фактури и сл. Во врска со потрошувачката на постојаните средства, односно со издатоците за нивна набавка и одржување, во извештајот треба да се наведе присутноста на соодветни одлуки од

управниот орган, како и дали било извршено правилно оформување на документите и соодветна исплата.
Како констатации за работењето преку сметката можат да се наведат и различните забелешки во врска со правилноста и ажурноста во книговодството итн.
Извештајот за контола на сметката се доставува до органите на деловниот субјект.
Интерната ревизија на работењето кое се врши во деловните банки, главно, опфаќа кредитното работењеи работењето поврзано со користењето на заемите. Со контролата на кредитното раборење потребно е да се провери:

- дали деловниот субјект е способен за добивање кредит;
- дали добиените кредити наменски се трошат; и
- дали деловниот субјект навреме врши отплата на кредитите.

Условите под коишто банката им дава кредити на компаниите се ориентирани кон тоа средствата да се вложат сигурно и според потребите на стопанскиот развој, и тоа во корист на општествената заедница во целост и компанијата, како нејзин сегмент. Тие услови, пред се, се однесуваат на тоа да:

- книговодството на компанијата да биде ажурно и уредно водено;
- работењето на претпријатието да биде успешно, односно таа во своето финасиско работење да нема големи побарувања, а особено да нема инсолвентни побарувања;
- работењето да биде економично, рентабилно и ликвидно.

Ревизијата, според тоа, треба да утврди дали компанијата е способна да добие кредит, односно дали ги исполнува споменатите предуслови – критериуми за оценка на нејзиниот бонитет.
Бидејќи кредитите се наменски, ревизијата проверува дали тие служат за целите за коишто се наменети. Според тоа, таа врши надзот дали кредитот за постојани обртни средства навистина служи за формирање залихи на суровини и материјали, недовршено производство, односно производство во тек и готови производи, како и дали кредитите за дополнителни обртни средства, сезонските кредити и другите краткорочни кредити служат за финансирање на повремените потреби. Во врска со тоа, ревизијата води сметка за плаќањето на искористените кредити, при што користи посебни агенди за да не дојде до спор во банката и плаќање казнени камати. Со самото тоа се врши и ревизија на вртењето на средствата на залихите, а се со цел користењето на кредитите да биде што поекономично. За да се утврди тоа е потребно да се анализира структурата на залихите и задржувањето на одделните видови залихи во магацинот.
Аналогно на ревизијата на кредитното работење, се врши и ревизијата на работењето што произлегува од користењето различни кредити преку деловните банки. Оваа ревизија ги опфаќа испитувањата на условите за добивање кредит, големината, намената и правилното користење на кредитот. За да може таа да даде одговор на сите овие и на многу други прашања се наметнува потребата за водење детална евиденција за секој вид кредит од којшто, во прв ред, се констатира дека кредитот бил добиен, за кои потреби бил наменет, а за кои бил употребен, дали се врпело навремено враќање – амортизирање на кредитот и сл.

Од книговодствената евиденција за кредитите се проверува и состојбата на остатокот од кредитот, односно заемот и се усогласува со состојбата на сметката во банката. Со други зборови, од пасивата на билансот на состојбата, каде што е искажана состојбата на изворите на средствата, треба да се согледа дали постои обврска за плаќање анутитети по искористените кредити, колку време поминало од доставувањето на обврските врз оваа основа, како и какви се шансите за нивно подмирување и т.н.

## 12.3 *Ревизијата на работењето во девизните средства*

Под девизни средства се подразбираат ефективните странски средства за плаќање: валутите, чековите во странски пари и други странски средства за плаќање. Под девизно работење се подразбира она работење што предизвикува определено побарување или обврски во однос на странство.

Потревните девизни средства за набавка на стока од странство, за покривање на различни трошоци во врска со патувања во странство, изджување на низа претставништва во странство и сл. Компаниите ги набавуваат од овластените банки за продажба на овој вид средства и од своите девизни сметки.

За секој вид девизни средства, што се наоѓаат во касата на комапнијата или во банката, се отвора посебна аналитичка сметка. Со оглед на тоа што работењето со девизните средства е мошне специфично, службата за интерна ревизија треба да му се посвети посебно внимание. Таа треба да ја испита законитоста при набавувањето, а особено трошењето на девизните средства. Трошењето е исклушително важно, бидејќи станува збор за средства до коишто деловните субјекти потешко доаѓаат, па оттука се наметнува потребата од педантност и дисциплина при нивното економско (рационално) трошење.

Според Законот за девизно работење на Р. Македонија, предвидено е деловните субјекти своите девизни средства да ги водат на девизни сметки кај деловните банки, преку коишто се врши и целокупниот платен промет со странство.

Девизното работење на компаниите, како и другите субјекти што стапуваат во деловни врски со странски партнери, е предмет на интерната, а пред се на екстерната ревизија контрола.

,,Под девизна контрола се подразбира надзор на девизното и кредитното работење со странство на сите субјекти, и тоа: компаниите, сите општествени и граѓански правни лица и граѓаните’’. Оваа контрола, главно, ги опфаќа: заснованјето,содржината и разрешавањето на финансиските односи што постојат меѓу домашните у странските лица, како и работењето со странски средства за плаќање во земјата. Поточно, контролата, односно ревизијата на остварувањето, стекнувањето,располагањето и задржувањето на девизите, девизновалутните работи, кредитните работи со странство, внесувањето и изнесувањето денари, девизи, хартии од вредност и злато, како и други девизни работи во земјата и странство. При сите овие испитувања ревизијата треба да го следи и доследното спроведување на законските прописи.

Според законските прописи, контрола и ревизија на девизното работење во Р. Македонија можат да вршат повеќе органи, и тоа: Министерство за финансии, Републичкиот девизен инспекторат, Народната банка на Р. Македонија, Управата за јавни приходи и царинските органи и други органи утврдени со прописи од страна на републичките законодавни органи.

Републичкиот девизен инспекторат има право да врши контрола на девизното работење на деловните субјекти, банките, преку коишто се врши платен промет со странство и сите други правни и физички лица. Ако при испитувањето Инспекторот дојде до сознание дека се направени некои неправилности, тогаш тој донесува решение за нивното отстранување во определен рок.

Контролата на девизното работење што ја врши Народната банка на Р. Македонија се состои од примена на законските прописи и мерките што ги преземаат републичките органи и организации, како и овластените банки. Оваа контрола се врши на начин што го определува Народната банка на Р. Македонија, а како извори се користат извештаите коишто, за извршената контрола ги доставуваат овластените банки, како и непосредното прегледување на нивното работење при контрола.

Контролата која ја вршат царинските органи се однесува на изнесувањето девизни средства, хартии од вредност, злато и денарски средства, коишто ги изнесуваат странски лица или граѓани од земјата што патуваат во странство. Овие органи, во истовреме, вршат контрола и на внесувањето денарски средства во земјата, особено во случаите кога тоа е ограничено со законски прописи. Деловните субјекти кај коишто треба да се изврши контрола на девизното работење, се должни, по барање на контролните органи, да ја доставуваат соодветната документација и потребните податоци. За да можат во секое време да одговорат на ваквата обврска, тие се должни да водат евиденција за секоја заклучена работа со странство, за процентот при извршувањето на таквите работи, како и за извршените наплати на побарувањата, односно подмирувањето на обврските што произлегуваат од оваа основа.

Органите на екстерната контрола изготвуваат извештај за работењето во девизните средства. Во извештајот се презентира големината на набавените, искористените средства и состојбата на девизните средства во каасата, односно сметката во банката; отстапувањата меѓу фактичката и книговодствената состојба на девизните средства; евентуалните неправилности во врска со користењето на овој вид средства и др. По еден примерок од извештајот се доставува до раководните органи на компанијата, а тие треба да преземат мерки констатираните недоодветности, во определен рок, да бидат отстранети.

### *12.4 Ревизија на работењето со хартии од вредност*

Обезбедувањето на плаќањата меѓу правните субјекти, најчесто се врши со чек, меница со авал. Неотповиклив документарен акредитив и гаранција. ОД сите овие инструменти за плаќање најголема примена во пакртиката имаат чековите и

мениците. Бидејќи чекот се користи за плаќање на обврските без одлагање, неговото издавање без покритие повлекува кривична одговорност. За да се обезбеди плаќање на издадените чекови, деловниот субјект може да издвои определена сума парични средства на посебна сметка кај деловната банка, кајшто се води неговата сметка. Со оглед на тоа што издвоените средства за исплата на чековите претставуваат средства на доверителите, деловниот субјект не може да ги користи за подмирување на други обврски.
Чекот служи за плаќање по видување, па затоа деловниот субјект, по правило, треба да го користи без одлагање. Заради непотплнувањето ан датумот на издавање и датумот на наплате на барираните чекови, постои можност да се прават различни злоупотреби при нивно користење.
Се со цел подобро да се контролираат издадените барирани и вирмански чекови се водат посебни книги во коишто се запишува датумот на издавањето, бројот, корисникот – целта, сумата, датумот на наплатата, бројто на изводот од банката и, евентуалното, некои забелешки за се уште ненаплатените чекови од страна на корисниците.
Кога се зборува за мениците, посебна задача на интерната ревизија и лицата задолжени за издавање меници е пред нивното издавање да проверат и констатираат дали во времето на нивното доспевање за наплата деловниот субјект ќе располага со доволна сума средства за нивна исплата.
Исто така, интерната ревизија треба да испита дали при издавањето на мениците правилно било оценето дека во моментот на нивното доставување деловниот субјект ќе има средства за исплата т.е. сали било извршено навремено исплатување на мениците, колку има неплатени меници, колку меници се протестирани поради ненавремено плаќање и колкава е висината на судските трошоци. Покрај издадените меници, оваа контрола треба да ги опфати и примените меници за обезбедување на побарувањата. Притоа, главно, треба да се контролираат: ненаплатените меници, протестираните а неплатени меници, пренесувањата на побарувањата од редовни во сомнителни и сл.
Интерните ревизори во компанијата се должни постојано да се грижат за донесување такви деловни одлуки со коишто ќе се овозможи навремено подмирување на достасаните обврски, односно пречување на можноста за неликвидност во работењето. Извршувањето на ваквата задача ја налага потребата ревизорските органи на деловниот субјект, при обезбедувањето на плаќањата со инструменти за плаќање, да испитуваат и дали:

- неликвидираните обврски, особено поголемите суми, во законскиот рок се покриени со соодветни инструменти за плаќање;
- оформувањето на инструментите за плаќање е извршено во согласност со законските прописи;
- постојат инструменти за плаќање што деловниот субјект ги издал и обезбедил средства за нивно подмирување;
- во книговодството се води ажурна евиденција за примањето и изавањето на инструментите за плаќање, како и за нивното навремено ликвидирање;
- навреме се издаваат налози за плаќање на инструментите за плаќањето, како и за нивното навремено ликвидирање;

- навреме се издаваат налози за плаќање на инструментите за плаќањето, односно навреме примените инструменти се доставуваат кај деловните банки;
- навреме и какви мерки се преземаат за наплата на побарувањата што не можеле да се подмират ниту со инструментите за плаќање итн.

По спроведените испитувања, контролата изготвува повремени извештаи и ги доставува до органите – носители на деловните одлуки во компанијата. Во определени случаи, во согласност со законските прописи и одредбите на интерните нормативни акти, и самите контролни органи имаат право да носат соодветни одлуки со коишто ќе се овозможува отстранување на појавените неправилности во системот на плаќањето.

### *12.5 Ревизијата на побарувањата од купувачите и другите побарувања од деловните односи*

Побарувањата се дел од средствата на деловниот субјект што се во преоден паричен вид – стока во пари и, во пократок или подолг период, се наоѓаат надвор од материјалната сфера на репродукцијата. Тие, главно, можат да се групираат во три групи, и тоа:
- побарувања од купувачи;
- други побарувања од деловни односи;
- побарувања врз основа на пласирање средства во други деловни субјекти и нивно финансирање.

#### 12.5.1. Ревизија на побарувањата од купувачите

Редовни побарувања од купувачите се сметаат сите оние што произлегуваат од продажбата на готовите производи, трговските стоки и извршените услуги, потоа од продажбата на постојаните средства, како и некои други побарувања.
За секој деловен субјект, независно која дејност ја врши, многу е битно навреме да се наплатуваат побарувањата од купувачите. Тоа особено е важно затоа што долгото задржување на обртните средства за побарувањата ја наметнува потребата од зголемување на нивниот обем и користење кредити од деловните банки и други деловни партнери. Со оглед на тоа што за кредитите се плаќа камата, којашто е многу висока, автоматски се зголемуваат трошоците на работењето на деловниот субјект и се намалува економичноста и рентабилноста.
При анализата на големината на побарувањата, пред се, треба да се нагласи дека за компаниите не е доволно само да се изврши продажба на готовите производи, трговските стоки и другите видови средства или, пак да се извршат определени

услуги, туку особено е важно да се води сметка за наплатата на побарувањата од купувачите. Деловниот субјект мора постојано да го следи текот на наплатувањето на своите побарувања, зашто тоа е услов за соодветно да одговори на обврските и нормално да го извршува своето работење.
При наплатата на побарувањата од купувачите е потребно да се ангажираат сите организациски делови и функции во деловниот субјект, без разлика дали тие се од непосредното производство, прометот или од заедничките служби.
Во литературата се среќаваат одделни оправдани мислења дека организациската единица, што е задолжена за вршење продажба; има и најголема одговорност за наплатата на побарувањата. Таквата одговорност на ова единица произлегува од фактот што таа, во најголема мера, може да влијае врз изборот на купувачите, раководејчи се главно од нивниот бонитет. Продажната служба, исто така, е во можност да ја запре натамошната испорака на готови производи, стоки или извршувањето на одделни услуги на купувачите што нередовно ги плаќаат своите обврски. Од продажната служба се бара да спроведува соодветна продажна политика што ќе овозможува непречено, во законски определените рокови, да се реализира наплатата на побарувањата.
Предмет на ревизија и детално контролирање, всушност, се договорите што ги случува продажната служба. На тој начин, превентивно се елиминираат евентуалните пропусти во овие договори, зашто подоцна тие можат да доведат до спорови или несакани последици. Ревизијата, пред се, проверува дали договорите ги содржат сите битни елементи, а во прв ред предметот на договорот, цената, роковите за испорака, условите за плаќање, надлежниот суд со случај на спор и др. Исто така, со ревизијата се проверува дали, при составувањето на договорите, учествувале лица со соодветно образование, дали со нив се осигуруваат интересите на деловниот субјект, дали поради лошата систематизација и недостиг на одделни битни елементи во договорот можат да настанат непредвидени штети и загуби за компанијата сл. Овие елементи во договорот особено се битни кога станува збор за соработка со странски партнери, при што треба да се познаваат прописите на земјата на купувачот.
Организациската единица, што врши изготвување и испорачување на фактурите може многу да влијае врз забрзувањето на наплатата на побарувањата. Тоа се постигнува преку правилно и точно оформување на фактурите, односно нивно навремено достигнување. Токму на тие моменти ревизијата на компанијата треба да обрне поголемо внимание. Таа треба да изврши контрола од економски, пресметковен и правен аспект на сите побарувања со коишто се товарат купувачите. Во таа смисла, таа треба да провери дали побарувањата се засновани врз реални калкулации и дали ги содржат договорените цени. Секое задоцнување во доставувањето на фактурите до купувачите предизвикува доцнење во наплатата, а со тоа деловниот субјект запаѓа во поголеми финасиски потешкотии.
Правната служба во компанијата, исто така, може да го забрза процесот на наплата на побарувањата од купувачите. Покрај тоа што треба да се ангажира во изготвувањето на договорите, според законските прописи, таа постојано треба да се залага и за ажурно и навремено комплетирање, односно поднесување на неопходната документација при покренувањето тужби против купувачите коишто нередовно ги подмируваат своите обврски.

Како основен извор што обезбедува показатели за вкупната големина, наплата и состојба на побарувањата од купувачите се јавува книговодствена евиденција. Од оваа евиденција се користат сите податоци за преземање евентуални административни мерки заради забрзување на наплатата на побарувањата од купувачите.
Интерната ревизија, во пократки временски интервали, треба да проверува дали правната служба во компанијата редовно, по добивањето предлози од евидентната функција, поднесува и прилози за тужби до соодветните судови за наплата на побарувањата од купувачите, како и дали води посебна евиденција за купувачите против кои се поднесуваат тужби. Таа мора постојано и систематски да проверува дали во финансиското сметководство, а особено во аналитичката евиденција – салдата на сметките на купувачите навремено и уредно се книжат сите задолжувања и раздолжувања, како и дали се врши врз основа на веродостојна документација. Натаму, контролата на побарувањата од купувачите, врз основа на податоците од книговодствената евиденција, треба да опфаќа:

- ревизија на веродостојноста на побарувањата од купувачите односно дали нивната фактичка состојба кај деловните партнери се согласува со онаа од книговодството. Во таа смисла, треба да се провери дали против одделни купувачи не е поведена постапка за ликвидација или принудно измирање; како и во колкава мера таквите појави се одразуваат врз реалните можности за наплатување на побарувањата. Во врска со ревизијата на веродостојноста – постоењето на побарувањата од купувачите во исти износи и кај продавачот и купувачот според исти основи и според иста валута за наплата се многу значајни и конфирмациите, односно записниците за усогласување и писмата за конфирмација. Преку испитување на записниците за усогласување со сметководствената евиденција на продавачот и купувачот фактички се потврдува веродостојноста на побарувањата на купувачите. Токму поради ова, секаде каде што има сознание дека салдата кај продавачот и купувачот не се согласуваат или тоа несогласување е потврдено со одговор на позитивните конфирмации, треба да се направи запизник. Се разбира дека интерната ревизија нема да ги испитува сите побарувања, туку испитувањето ќе се врши само преку метод за избор на репрезентативен примерок;
- ревизијата на усогласеноста на разложените суми на негативната страна на сметката – побарувања од купувачите со задолжување на позитивната страна на денарската сметка и девизната сметка кај деловните банки или, пак, сметката – каса;
- утврдување на оправданоста за префрлање на определена сума побарувања од редовната сметка – сомнителни или спорни побарувања или, пак, нивно отпишување.Овде ревизијата треба да ја утврди економската оправданост и законската заснованост на ваквиот начин намалување на побарувањата, како и да ја утврди евентуалната одговорност на лицата што придонесле за неоправдано намалување на побарувањата. Исто така, кај сомнителните и спорните побарувања ревизијата треба да се провери дали редовно се врши книжење на побарувањата од редовни во сомнителни и спорни. Вакво постојано следење на преку салдо сметките - аналитичка евиденција – е

важно заради тоа што сомнителните и спорните побарувања се со мал степен на наплатливост па нивното зголемување директно е поврзано со намалувањето на ликвидноста и рентабилноста на рабореењето на деловниот субјект;

- проверување дали деловниот субјект, односно задолженото лице врши навремена пресметка на казнена камата на купувачите кои нередовно ги подмируваат своите обврсло, како и дали се врши нивно редовно книжење и наплатување. На овој факт ревизијата мора да обрне внимание; бидејќи компанијата за износот на врзаните обртни средства во побарувањата од купувачите ќе биде принудена да користи кредити на кои се плаќаат камати, како и да се плаќа затезна камата и судски трошоци заради ненавременото подмирување на обврските спрема добавувачите;
- проверување на наплатата на побарувањата, што се врши преку поштенски уплатници. Овде ревизијата треба да провери дали евентуално, под форма на уплата на određен деловен субјект не станува збор за лица кои, на овој начин, го избегнуваат плаќањето на обврските кон државата (на пример, ДДВ – данок на дадена вредност);
- констатирање на присутноста и големината на застарените ненаплатени побарувања. Овде ревизијата треба да провери дали за ненаплатливите побарувња, постари од три години, согласно Законот за облигации („Службен весник на Република Македонија’’бр. 18/2001) постои одлука на управните и работодавните органи на деловниот субјект за нивно отпишување. Исто така, треба да се провери кои биле причините за нивното застарување, како и дали има сомневање за одговорноста на одеелни лица за таква појава;
- испитување на постапката за наплата на побарувањата што не се наплатени во законски рок. Еден дел од побарувањата можат да бидат оспорени поради ставањето приговор на квалитетот на производите. Ревизијата, при тоа, е должна да изврши испитување на рекламациите што ги имаат упатено купувалите за несоодветниот квалитет на производите и да ги испита причините за тоа. Покрај тоа, таа треба да провери какви мерки се преземаат за отстранување на забелешките изнесени во рекламациите, односно за нивно сведување на минимум. За давањето правилна оценка во врска со рекламациите, ревизијата треба да ја согледа и тенденцијата на нивното движење, односно дали тие се зголемуваат или опаѓаат во споредба со планираните и оние од минтата година, како и дали тие движења се во согласност со динамиката и големината на побарувањата.

Дел од побарувањата може да произлегува од неликвидноста или невнимателноста на самите купувачи. На ваквите купувачи, врз основа на аналитичката евиденција, треба да им се испраќаат опомени и тоа на начин, да се потсетуваат за сумата што треба да ја подмират, како противредност за купените производи, стоки или извршените услуги. Притоа, можат да се испратат повеќе опомени, а доколу купувачот не реагира на нив, тогаш се поднесува тужба до соодветниот суд за наплата на побарувањата, кои по редовен пат не можеле да бидат платени.

Најмалку еднаш во текот на месецот, интерната ревизија треба да се провери дали на оние купувачи , кои не го исплатиле долгот, навреме им е испратена опомена. Само испраќање на опомените е деликатна постапка, па затоа тоа треба да резултира од претходен договор меѓу лицата од книговодството, што се задолжени за оваа работа, и лицата што работат во комерцијалната служба и кои директно контактираат со купувачите. Договарањето треба да се сфати како постапка за подовро запознавање на бонитетот на купувачите, нивното поранешно однесување, можностите за нивно идно учество во вкупниот промет на компанијата, но во секој случај како можност за ослободување од нив или од бесконечно толерирање на оние кои нередовно го плаќаат својот долг.
Покрај споменатите испитувања, што треба да ги изврши интерната ревизија во компанијата во врска со побарувањата од купувачите, таа може да врши и многу други согледувања. Така, таа може да провери дали книговодството доставило предлог за консигнација и асигнација за наплата на побарувањата меѓу два или повеќе деловни партнери, дали се врши усогласување (по писмен пат) на побарувањата прикажани во книговодствената евиденција и кај купувачот и сл.
По извршената ревизија на побарувањата од купувачите се изготвува извештај што може да биде најмалку тимесечен, полугодишен и годишен, и тој се доставува до менаџментот и органите на управување на компанијата (управен одбор, одбор на директори и сл.). Извештајот се изготвува според методот на приоритетност, селективност, значајност, разбирливост и конструктивност во кој се даваат констатации и мерки за подобрување на состојбата на компанијата во однос на побарувањата од купувачите.

### 12.5.2 Ревизија на другите побарувања од деловните односи

Во групата „ други побарувања'' спаѓаат оние што не потекнуваат од продажбата на готови производи, трговски стоки извршни услуги. Така, во оваа група побарувања се вбројуваат: побарувањата од добавувачите за исплатени аванси,побарувањата од работниците за направени кусоци и вишоци според нивна вина, побарувањата од дадени кауции и депозити, побарувањата врз основа на надоместоци за плати што се рефунтираат, побарувањата од осигурителни компании за имоти и лица и за надоместоци на штети, побарувањата врз основа на повеќе платени даноци и други обврски од добивката и други слични побарувања.
Интерната ревизија на оваа група побарувања – останати побарувања е нужна особено во средните и големите компании, бидејќи кај голем број од нив тие претставуваат значајна ставка, што може да достигне износ и од 50% од краткорочните побарувања.
Ревизијатана другите побарувања, исто како и кај побарувањата од купувачите, се врши во покуси и подолги временски интервали. Основната задача на ревизијата е да ги провери: правилноста на настанувањето на побарувањето, исправноста на документацијата, навременоста во изготвувањето и доставувањето на документите, евиденцијата на другите побарувања, наплатата, појавата на различни проблеми и

врска со наплатата, преземањето мерки за намалување на бројот и сумата на другите побарувања и сл.

Кај дадените аванси на добавувачите на обртни средства ревизијата треба да провери дали, во текот на ревидираниот период, се дадени такви аванси, потоа на кои добавувачи зошто им се дадени.

Со интерна ревизија, треба да провери дали било оправдано давањето на авансите, зошто на тој начин е извршено врзувањето на дел од обратните средства со коишто деловниот субјект не може да работи додека не добие противвредност во вид на набавни средства во материјален вид или извршени услуги и сл. Исто така, ревизијата треба да провери дали договорените обврски се исполнуваат навремено, односно дали добивачите навреме ги подмируваат своите обврски кон деловниот субјект што однапред дава аванси. За да се согледаат овие и други моменти е потребно да се води ажурна и уредна евиденција на авансите, а преку испитувањето ревизија ќе констатира дали има такви одстапувања. Ревизијата треба особено да испита дали овие аванси се провлекуваат повеќе години и кои се причините за нивното неликвидирање.

Во групата други побарувања, се вбројуваат повеќе основи за настанување побарувања спрема работниците, но сепак најчести се оние што беа споменати,и тоа: побарувања врз основа на земени аванси за службени патувања, побарувања врз основа на набавки што работниците треба да ги извршат и да ги платат во готово и побарувања што настануваат како резултат на појавата на различни кусоци и штети за коишто се виновни самите работници. Посебно внимание треба да се посвети на испитувањето на овој вид ,,други побарувања'' бидејќи постојат можности за појава на различни малверзации од страна на одделни поединци. Таа треба постојано да испитува дали редовно се врши ликвидирање на патните налози, односно враќање на повеќеземените аванси за службени патувања. Во таа смисла треба да се испита и точноста на документацијата, врз основа на којашто е извршена исплата на авансите и нивното ликвидирање. Секое забавување на ликвидирањето на патниот налог дава можност за сомневање во бесправното користење на туѓи средства.

На овие моменти ревизијата треба да обрне внимание и кај дадените аванси за набавка на одделни материјали, чија исплата треба да се изврши во готови пари.

При извршување на активностите во компанијата со помош на средства за работа, може да дојде до појава на различни кусоци и штети за коишто одговорнста ја поднесува задолжениот работник. Согласно законските прописи и интерните нормативни акти, предвидена е постапка за утврдување на вината на работникот и надоместување на штета. Ревизијата треба да испита дали имало појава на предизвикување штети и кусоци кај обратните средства врз оваа основа и дали се преземени соодветни мерки за нивното недоместување од страна на сторителите. Вообичаена е практиката за помали суми одлуките да се донесуваат во самите деловни субјекти, односно од управните и раководните органи, додека се поголеми суми (во согласност со законските прописи) одлуки донесуваат соодветните редовни судови. И во едниот и во другиот случај задача на ревизијата е да провери дали донесената одлука се преземени мерки за нејзино реализирање или пак, целокупните напори се завршени само со донесувањето на одлуката. На овој момент интерната ревизија мора да посвети поголемо внимание зашто, според

извештаите што ги изготвуваат правосудните органи во нашата земја, се доаѓа до сознание дека големи суми туѓи средства, што бесправно се присвоени преку кражби, кусоци и слично од поединци и за коишто постојат правосилни судски решенија, остануваат ненаплатени. Тоа зборува за голема неодговорност на субјектите на кои во компаниите им е доверено користење на туѓи средства и создавање поволна клима ваквите појави уште повеќе да се манифестираат. За следењето на темпото на зголемување на побарувањата врз оваа основа, како впрочем што беше случај и кај другите побарувања, е потребно да постои добро ажурирана евиденција, и тоа како во компаниите, така и во судовите, а таа треба да служи како основа за преземање навремени наплати на побарувањата.

Во ситуација кога ќе се појават штети за коишто е виновен определен работник, контролата треба да испита колкава е големината на штетите, дали тие се зголемуваат или опаѓаат, кои се причините за тоа и сл. Оде особено треба да се напомене согледувањето на причините поради коишто дошло до појава на штетите (намерни или ненамерни); дали тоа е резултат на незнаењето да се ракува со определени средства или, пак, на негрижата на работникот да ги применува сите наведени упатства и мерки за заштита на доверените средства при нивното трансформирање во процесот на производството.

Ревизијата, исто така, треба да испита дали во врска со појавата на кусоците и предизвиканите штети на средствата расправале управните органи на компанијата.

Секогаш кога во компанијата ќе настанат штети на средствата што се осигурани кај осигурителните компании, тогаш се јавуваат побарувања за надомест на штетите. Побарувањата се јавуваат во моментот на настанувањето на штетите, а акционерското друштво за осигурување на имоти и лица треба да ги надмири во рокот утврден со договор.

Ревизорите треба постојано да следат како се врши наплатувањето на побарувањата од осигурителните друштва. Ова особено е важно за да се обезбеди надомест за сите средства што претрпеле штета, но и обесштетувањето да биде навремено. Значи, ревизијата проверува дали за средствата со коишто располага и ги користи компанијата се плаќа оемија за осигурување, но исто така врши проверка и на однесувањето на акционерското друштво кон подмирувањето на преземените обврски.

Побарувањата врз основа на повеќе платени данови и придонеси на државата и други субјекти, обично, се утврдуваат на крајот од даночниот период, односно годината, со изготвувањето на завршната сметка. Целта на интерната ревизија е да провери колкава е големината на овие побарувања, каква е нивната динамика во однос на изминатите периоди, кои биле причините за нивно настанување и сл. Причини за повеќе платени даноци и придонеси можат да бидат: неажурноста на кноговодствената евиденција, погрешната пресметка на износите, примената на несоодветни стапки и сл. Доколку веќе се создадени побарувања врз оваа основа, ревизијата треба да провери какви мерки се преземени за враќање, односно наплатување на побарувањата. Со оглед на тоа што постапката за враќање се спроведува бавно, ревизијата треба посебно да укаже на пропустите што произлегуваат од интерните слабости во работењето на деловниот субјект.

## 12.6. *Ревизија на побарувањата врз основа на пласирани средства во други деловни субјекти – активно финансирање*

Како пласмани се потразбираат вложувањата во постојани и обртни средства што еден деловен субјкет ги дава на друг, како паричен или стоковен вид, како и во вид на извршени услуги со обврска, по определен рок, зголемени за сумата на договорената камата или друга сума, да му бидат вратени.
Ревизијата на побарувањата врз основа на пласирање средства во други деловни субјекти, главно, ги опфаќа следниве испитувања:

- ревизија на економските, законските и другите основи врз коишто е извршено пласирањето во други компании. Во врска со економските ефекти што се очекуваат од пласирањето, се врши испитување на висината на каматата на средствата, учеството во остварената добивка сразмерно на вложените средства, обезбедувањето, т.е. снабудвањето со репроматеријали енергија, заедничкиот настап на домашниот и странските пазари, размената на научно-техничките искуства и сл. Покрај пласирањата на средствата со законските одредби и одредбите што произлегуваат од меѓународните спогодби и договори;
- контрола на правната основа на побарувањата што произлегуваат од пласманите, односно дали тие произлегуваат од правилно склучените договори и меѓусебни спогодби;
- ревизија на усогласеноста на темпото и условите на пласираните средства со подмирувањето на договорните обврски. Овде ревизијата треба да обрне посебно внимание на тоа дали имало случаи да се врши пролонгирање на рокот за враќање на пласираните средства кај домашни и странски деловни партнери, како и дали имало случаи на целосно отпишување на ваквиот вид побарувања. Доколку омало таков случај, ревизијата треба да ги открие факторите што придонесле деловниот субјект што ги пласирал средствата да не може навреме или воопшто да ги врати. Ваквите согледувања особено се важни кога станува збор за пласирање средства кај странските деловни партнери.

# 13. Интерна ревизија на трошоците

## 13.1. *Општ осврт за трошоците, од економски и сметководствен аспект*

При дефинирање на трошоците, потребно е да се прецизира разликата меѓу економскиот и сметководствениот аспект, што има соодветно влијание врз ревизијата на трошоците. Од теоретска гледна точка, постои јасна разлика меѓу овие два аспекта на трошоците.

Економскиот аспект на трошоците е поширок од сметководствениот. Овој концепт трошоците ги третира како ценовен – финансиски збир на сите фактори на производство. Во дефиницијата посебно се акцентираат и потенцираат сите фактори на производство. Според тоа, во трошоците се инкорпорирани цените за фактите: труд, капитал, природни ресурси и таканаречените нормални или просечни профити коишто, од оваа гледна точка, се јавуваат како цени на факторот претприемаштво (менаџмент). Овие нормални профити, се минимсм цена што е неопходна за да предизвика понуда на претприемачката функција, т.е. претприемништвото како фактор на производство.
Според економскиот аспект трошоците, ,,секој фактор има своја цена што треба да се палти, бидејќи секој фактор има свој придонес во создавањето на производството''.


www.MaturskiRadovi.NET

**Gotovi seminarski, maturski, maturalni i diplomski radovi iz raznih oblasti, lektire , puškice, tutorijali, referati.** www.MaturskiRadovi.Net je specijalizovan tim za usluge visokokvalitetnog pisanja, istraživanja i obradu teksta za kompletan region Balkana.

Posetite nas na sajtovima ispod:

http://www.maturskiradovi.net

http://www.maturski.net

http://www.seminarskirad.org

http://www.seminarskirad.info

http://www.seminarskirad.biz

http://www.maturski.org

http://www.magistarski.com

http://www.essaysx.com

http://www.facebook.com/DiplomskiRadovi

Takođe, na sajtu pronađite i tutorijale, referate, primere radova, prepričane lektire, vesti, čitaonicu... Na ovom sajtu ste u prilici pronaći preko 10000 radova iz raznih oblasti:

ekonomija (menadzment, marketing, finansija, elektronskog poslovanja, internet tehnologija, biznis planovi, makroekonomija, mikroekonomija, preduzetnistvo, upravljanje ljudskim resursima, ...), informatika (internet, informacione tehnologije, softver, hardver, operativni sistemi, baze podataka, programiranje, informacioni sistemi, računarske mreže, ...), biologija i ekologija, filozofija, istorija, geografija, fizika, hemija, književnost, matematika, likovno, psihologija, sociologija, ostali predmeti (politika, saobracaj, mašinstvo, sport, muzika, arhitektura, pravo, ustav, medicina, engleski jezik, ...).

Uspostavljanjem ovog projekta, zadovoljila se i veoma prisutna potreba za specijalizovanim timom, koji će na studente i omladinu pravovremeno i adekvatno delovati u edukativnom i pozitivno usmeravajućem pravcu, ali i predstavljati efikasnu podršku u pisanju sopstvenih radova.

U cilju pružanja što kvalitetnijeg sadržaja radova, okupljen je odabrani tim, sastavljen od iskusnih stručnjaka iz raličitih oblasti, čiji je cilj da autorskim pristupom i prepoznatljivim stilom izrađuju i istražuju najrazličitije oblasti i afirmišu slučajeve iz prakse.

Za sada posedujemo gotove radove iz oblasti prava, ekonomije, ekonomike preduzeća, javnih finansija, spoljnotrgovinskog poslovanja, informatike, programiranja, matematike, fizike, hemije, biologije, ekologije, menadžmenta, astronomije, carine, špedicije, poreskog sistema, javne uprave, računovodstva...., a uskoro ćemo se proširiti i na ostale oblasti. Inače, izrada maturskih, seminarskih, diplomskih radova po želji je naša primarna opcija. Nakon što aplicirate za određeni rad, dobićete odgovor najkasnije za 24h.